# КАКО ПОЗАЈМУВАМЕ

## - приказна во слики –

Раде е добро дете, но има една маана. Зема предмети од приборот на другарчињата, без да им каже.

Ете вчера, требаше да нацрта само една линија, па на Миле, без да праша, му го зеде линијарот од клупата. И додека Раде ја црташе линијата, Миле го побара линијарот. Се вртеше, ѕиркаше под учебниците, под клупата, под столчето мислејќи дека линијарот му паднал на подот, но линијарот не беше таму. Кога Раде ја нацрта линијата дојде кај Миле со линијарот во рака подавајќи му го. Миле збунето го гледаше.

- Еве го линијарот, го зедов да нацртам само една линија.

Миле луто го погледна и строго му одговори:

- А јас помислив дека го имам загубено. Следниот пат кога ти треба нешто мое, побарај, прашај ме!

И не беше само Миле. На Марко му го зеде моливот, на Јасна црвената боичка, на Владе острилката и така по ред...

Иако другарчињата му се лутеа што им ги зема работите без прашање, Раде ја повторуваше истата грешка. Мислеше дека не е ништо страшно ако им земе нешто за да се услужи, тој не ги краде работите, тој им ги враќа назад на другарчињата.

Но по една случка, Раде добро да размисли за своето однесување.

На часот по математика учителката даде работен лист и нагласи дека учениците ќе се натпреваруваат во брзо и точно решавање на задачите. Раде кој беше добар математичар, сакаше прв да ги реши задачите и учителката да го пофали пред целото одделение.

Во училницата завладеа тишина. Сите беа возбудени и ги решаваа задачите. Раде беше толку обземен со мислата да победи на натпреварот, што не ни забележа дека Весна, другарчето што седи до него му ја зеде гумата за да ја избрише грешката во нејзиниот лист.

Весна исто така сакаше да победи на натпреварот. И таа толку брзаше, што заборави да ја врати гумата во приборот кај Раде, па ја стискаше гумата во својата рака.

Раде прв ги реши задачите и пред да и каже на учителката, го зеде листот да провери дали некаде направил грешка. И ете брзајќи наместо да напише 3+3 = 6 тој напишал 3+3 = 9. Во брзањето ја завртел шестката нопаку и погрешил. Ја пушти раката во приборот за да ја земе гумата и да поправи, но гумата не беше таму. Почна да се лути на себе, размислувајќи каде ја оставил гумата. Ѕирна под работниот лист, под клупата, под столчето, но гумата ја немаше. Погледна во Весна и забележа дека од нејзината стисната рака ѕирка гума за бришење.

https://odnasataucilnica.com

- Весна, те молам позајми ми ми ја гумата – и се обрати.

Весна исплашено и засрамено го погледна и ја отвори раката. На нејзината дланка лежеше Радевата гума. И додека Раде луто гледаше во Весна и во својата гума веќе неколку ученици се јавија дека ги решиле задачите во работниот лист. Учителката ги пофали, а Раде тажно гледаше во својата гума разочаран што и тој не е пофален, иако прв го заврши работниот лист.

- Извини! - рече Весна - Мислев само да ја позајмам твојата гума и да ја избришам грешката во мојот лист. Но толку бев збунета и брзав, што заборавив да ти ја вратам!

- Следниот пат кога позајмуваш нешто... Прво прашај... – пропелтечи Раде.

Овие зборови толку пати ги имаше слушнато од своите другарчиња, но сега вистински го разбра нивното значење!